**Одлука бр.9**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на својата редовна седница одржана на 29.12.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за определување на висината на таксата за учество на курс за обука на Главни судии, Судии на стол и Линиски судии на ТФСМ и**
**определување на вкупните трошоци за организација на курсевите за Главни судии, Судии на стол и Линиски судии на ТФСМ**

**Член 1**

Во текот на натпреварувачката 2026 година ако се јави потреба ќе се организира курс за обука на Делегати/Главни судии и обука за Судии на стол и линиски судии на Тениска Федерација на Северна Македонија.

**Член 2**

Висината на надоместокот за учество на курсот за обука на Делегати/Главни судии на Тениска Федерација на Северна Македонија ќе биде во висина од 5.000, односно 4.000 денари за обуката за Судии на стол и Линиски судии.

**Член 3**

На курсот можат да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе покажат интерес за да станат Тениски судија.

**Член 4**

Секој кандидат кој ќе го заврши курсот за обука на Делегати/Врховни судии на ТФСМ ќе мора да уплати и надоместок во висина од 2.000,00 денари за годишна лиценца за Делегати/Главни судии на Тениската Федерација на Северна Македонија.

**Член 5**

За одржување на курс за обука на Делегати/Главни судии на Тениска Федерација на Северна Македонија потребен е минимален број од 6 кандидати за Делегати и 10 кандидати за Судии на стол и линиски судии за истиот да се одржи.

- предавач Тениски Судија-бела значка и
- координатор од ТФСМ-Претседателот на Натпреварувачко-Судискиот Комитет на ТФСМ.

**Член 6**

Трошоците за организација на курсот за обука на Делегати/Главни судии и за Судии на стол и линиски судии на ТФСМ за 2026, не смее да го надмине лимитот од 80% од вкупните приходи за курсот, а во трошоци ќе бидат признаени следните:

- Подготовка на материјали за кандидати
- Наем на сала со проектор
- Хонорар за предавач Тениски судија-бела значка

- Освежителни пијалоци
- Подготовка и изработка на сертификати.

**Член 7**

Организацијата на обуката и доставата на материјалите за обуката од страна на ИТФ се на товар на Тениската Федерација на Северна Македонија.

**Член 8**

Сите лиценцирани судии на стол и линиски судии доколку се вклучат во обука за Делегати/Главни судии, потребно е да уплатат износ од 1.000,оо денари

**Член 9**

Оваа одлука стапува на сила со нејзиното донесување и се однесува за 2026 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 29.12.2025 година